**20261632451**

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став (1) алинеја 3 а во врска со член 12 став (4) од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 135/25 и 269/25), директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 14.7.2026 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

### ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на обезбедувањето на транспарентоста во работењето на Агенцијата за електронските комуникации (во понатамошниот текст: Агенцијата) и тоа: начинот на примање на предлози од заинтересираните страни, податоците и информациите што Агенцијата ќе ги објавува и начинот на пристап до истите, како и начинот на соработка со претставниците на организации на корисниците на електронски комуникациски услуги.

Член 2

(1) Агенцијата ја врши својата работа транспарентно овозможувајќи им на заинтересираните страни да дадат забелешки, мислења и коментари во врска со преземените активности на Агенцијата кои што произлегуваат од нејзините надлежности согласно Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

(2) Агенцијата воспоставува, одржува и ажурира електронска база на податоци што содржи информации од областа на електронските комуникации и обезбедува информациите да бидат јавно достапни во согласност со правилата за доверливост и прописите за пристап до информациите.

### ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ ШТО АГЕНЦИЈАТА ЌЕ ГИ ОБЈАВУВА КАКО И НАЧИН НА ПРИСТАП ДО ИСТИТЕ

Член 3

(1) На веб-страната на Агенцијата на лесно видлив начин се објавуваат:

- основните податоци за контакт со Агенцијата: назив, адреса, телефонски број, број на факс, контакт на електронска адреса како и телефонски броеви и електронски адреси на вработените во Агенцијата;
- податоци за надлежностите на Агенцијата утврдени со Законот за електронските комуникации;
- организациона шема на Агенцијата;
- подзаконските акти, општите акти, годишниот извештај за работа на Агенцијата за претходната година, годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година, одлуки, решенија и други документи кои што се од надлежност на Комисијата на Агенцијата и на директорот на Агенцијата, согласно Законот за електронските комуникации и Статутот на Агенцијата;

- податоците и информациите утврдени во членот 57 од Законот за електронските комуникации;
- квартални извештаи за развојот и состојбите на пазарот за електронски комуникации;
- други информации и соопштенија кои произлегуваат од надлежноста и работата на Агенцијата;
- службеното лице или службените лица задолжени за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации и нивните контакт информации (телефонски број, број на факс и е-маил адреса);

(2) Пристапот на веб-страната на Агенцијата е бесплатен.

## СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

### Член 4

Постапката по барањето за пристап до информации, Агенцијата ја спроведува согласно со одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

### Член 5

(1) Агенцијата води листа на податоци и информации со кои располага, а кои се јавно достапни.

(2) Листата од ставот (1) на овој член се објавува на веб-страната на Агенцијата, со датумот на последното ажурирање.

## ВЛИЈАНИЕ НА ЈАВНОСТА

### Член 6

(1) Агенцијата организира јавни состаноци најмалку два пати годишно со сите заинтересирани страни, со цел да им се овозможи да бидат запознаени со работата на Агенцијата и да им се даде можност да ги изразат нивните ставови и мислења за развојот на електронските комуникации во Република Македонија, а особено за:

- состојбите на пазарот за електронски комуникации,
- реализација на активностите и исполнување на целите од годишната програма за работа на Агенцијата и
- правата на сите крајни корисници, вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет во врска со обезбедувањето на јавни електронски комуникациски услуги.

(2) Јавните состаноци од ставот (1) на овој член, се одржуваат најмалку по еднаш во првото и во второто полугодие од календарската година.

### Член 7

(1) На јавните состаноци од член (6) став (1) од овој правилник задолжително се покануваат сите оператори кои обезбедуваат јавни комуникациски мрежи и/или услуги.

(2) Добиените ставови и мислења од јавниот состанок со заинтересираните страни, како и ставот на Агенцијата по однос на истите Агенцијата ги објавува на својата веб страна во рок од седум дена од денот на одржување на јавниот состанок.

(3) Поканата за учество на јавните состаноци од ставот (1) на овој член, се доставува најдоцна 15 дена пред денот на одржувањето на јавниот состанок. Поканата може да биде доставена и преку електронска пошта, и истата се објавува на веб страната на Агенцијата.

(4) Поканата за учество на јавните состаноци треба да содржи информации за датумот и местото на одржување на јавниот состанок, како и агенда за јавниот состанок.

Член 8

(1) Учеството на јавниот состанок се потврдува со:
- писмено известување до Агенцијата
- известување преку електронска порака или
- веб портал за регистрација кој ќе биде овозможен од Агенцијата.

(2) Потврдата за учеството на јавниот состанок треба да биде доставена до Агенцијата најдоцна пет дена пред денот на одржување на јавниот состанок и во потврдата за учество на јавниот состанок треба да бидат наведени имињата на претставниците кои ќе учествуваат на јавниот состанок.

Член 9

(1) Независно од обврската за одржување јавни состаноци од членот 6 на овој правилник, Агенцијата пред да донесе или измени подзаконски акти или одлуки од своја надлежност, а кои значително влијаат на релевантниот пазар на електронски комуникации, како и пред да ја донесе годишната програма за работа на Агенцијата за наредната година треба на својата веб страна јавно да ја објави предложената одлука или подзаконскиот акт, односно предложената годишна програма за работа на Агенцијата за наредната година, со цел да обезбеди јавна расправа со која ќе им се овозможи на сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови во однос на истите.

(2) Рокот на траењето на јавната расправа не треба да биде пократок од 15 дена од денот на објавувањето на предложените акти од ставот (1) на овој член.

(3) По истекот на рокот од ставот (2) на овој член, а пред донесувањето на актите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ги објавува на својата веб страна добиените мислења и коментари, како и ставот на Агенцијата по однос на истите, при што доверливите информации и податоци не се објавуваат.

(4) Пред да ги донесе актите од ставот (1) на овој член Агенцијата може да одржи и јавен состанок со заинтересираните страни согласно членот 7 од овој правилник.

## НАЧИН НА СОРАБОТКА СО ПРЕТСТАВНИЦИТЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ

Член 10

(1) Агенцијата организира состанок со претставници на организациите на корисниците на електронските комуникации со цел да се разменат информациите, погледите и искуствата заради поголема заштита на правата на корисниците вклучувајќи ги и лицата со инвалидитет. Состанокот се организира најмалку еднаш годишно.

(2) Учесници на овој состанок се претставници на организациите на корисниците кои што ги претставуваат интересите на корисниците.

(3) Поканата за учество на состанокот се објавува најмалку 15 дена пред одржување на состанокот, а записниот од состанокот се објавува на веб-страната на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на одржување на состанокот.

Член 11

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за обезбедување на транспарентност во работењето на Агенцијата за електронски комуникации, број 0201-2581/6 од 07.10.2015 година.

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

По влегувањето во сила овој Правилник ќе биде објавен на веб-страницата на Агенцијата.

Бр. 0101-1189/4
14 јули 2026 година
Скопје

Директор,
**Нусрет Халити,** с.р.